ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 26.08.2013

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Одржана средба на директорот на ФЗОМ со професор на Универзитот на Обединети Нации - Меѓународниот институт за глобално здравје, Куала Лумпур

Во ФЗОМ се реализираше работна средба на директорот на ФЗОМ г-ѓа. М-р Маја Парнарџиева Змејкова со професор др. Саид Мохамед Аљунид од Универзитетот на Обединети Нации - Меѓународниот институт за глобално здравство и со г. Тони Атанасовски, економски промотор на Република Македонија во Индија и Малезија.



На средбата беше разговарано за здравствените реформи што се одвиваат во Република Македонија, со особен осврт на ДСГ груперот и неговата примена во Македонија како и можноста истиот да се унапреди и прошири, користејќи ги знаењата и искуствата кои ги имаат на Универзитетот на Обединетите Нации како и на Меѓународниот институт за глобално здравје.
Од страна на ФЗОМ беше направена и куса презентација на системот на ДСГ услуги во Република Македонија.

Се разгледува можноста за потпишување на Меморандум за соработка со Универзитетот на Обединетите Нации како и потесна соработка во делот на едукација на кадри во здравствената економија.

Со почит,
ФЗОМ